ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-4860/2
09.02.2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), а во врска со точка 5.3 од Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2026 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 15/25 од 25.12.2025 година), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје објавува

# ОГЛАС
# за доделување спортски стипендии на талентирани спортисти од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар во учебната 2026/2027 година

Општина Центар-Скопје доделува стипендии за талентирани ученици од VI до IX одделение во сите спортски дисциплини од општинските основни училишта на територијата на Општина Центар-Скопје.

## I. Услови за доделување стипендија

Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да се редовни ученици од VI до IX одделение во сите спортски дисциплини во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар.

## II. Критериуми за доделување стипендија

Потребно е ученикот-спортист да има постигнување на (индивидуални) спортски резултати, добиени и потврдени од националните спортски федерации за период од 1.9.2025 година до 1.9.2026 година и да се во согласност со календарот за натпревари на матичните национални и меѓународни федерации:

- Освоено прво место (1,5 бода), второ место (1 бод) и трето место (0,5 бода), на државно првенство;
- Интернационални (меѓународни натпревари во кои учество ќе земат минимум пет држави) прво место (2 бода), второ место (1,5 бода) и трето место (1 бод).
- Балканско првенство прво место (3 бода), второ место (2,5 бода), трето место (2 бода);
- Европско првенство прво место (5) бода, второ место (4) бода, трето место (3) бода и за учество (1) бод;
- Светско првенство прво место (6 бода), второ место (5 бода), трето место (4 бода) и за учество (2 бода);
- Добитник на Годишната награда на Општина Центар-Феникс (1 бод).

Учениците што учествуваа и беа прогласени за најдобри играчи, голмани и стрелци во Лига-Центар 2025/2026 се стипендисти, а согласно програмата директни стипендисти се и учениците од екипата на ООУ Коле Неделковски, кои на државно првенство во ракомет го освоија третото место.

Другите успеси и резултати што не се во согласност со календарот на натпревари од националните и од меѓународните спортски федерации нема да се земат предвид.

**III. Потребни документи**

Со барањето ученикот-спортист треба да достави:
- Потврда од училиштето дека спортистот е редовен ученик од I до IX одделение или е со место на живеење на територија на Општина Центар (копија од лична карта на еден од родителите);
- Биографија на спортистот;
- Контакт телефон на родител-старател;
- Важечки документ (потврда) издадена од националната федерација за спортските успеси и резултати во периодот од 1.9.2025 година до 1.9.2026 година.

Доказите (дипломи, и билтен со печат од националната федерација) за освоени места за пласман да се доставаат во копии.

**IV. Висина на стипендијата и рангирање**

Стипендијата изнесува 3.500,00 денари, 4.500,00 денари и 5.000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година:

- За освоени од пет (5) до десет (10) бода стипендијата изнесува 3.500,00 денари;
- За освоени од единаесет (11) до дваесет (20) бода стипендијата изнесува 4.500,00 денари;
- За освоени повеќе од дваесет и еден (21) бода стипендијата изнесува 5.000,00 денари.

Кандидатот има право да поднесе апликација само доколку претходно нема добиено стипендија од други институции.

**V. Начин на пријавување**

Документите треба да се доставуваат до Архивата на Општина Центар-Скопје или по пошта на ул. „Михаил Цоков" бр. 1 - Скопје, со назнака „ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СПОРТСКИ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР".

**VI. Рок за поднесување документи**

Краен рок за поднесување документи е 23.9.2026 година.
Документите на кандидатите што не се комплетни и не се навреме доставени нема да се разгледуваат.

- ❖ Секој заинтересиран ученик може да поднесе документи само на еден оглас - култура, наука или спорт. Доколку поднесе во различни категории, документите нема да се разгледуваат.
- ❖ Сите ученици кои ќе аплицираат во спорт (за спортски танци) апликациите да ги доставаат до одделението за култура на Општина Центар.